Spot It. Help Stop It
MACEDONIAN

# Забележете го, помогнете, запрете го



СПРЕЧУВАЊЕ НА ЗЛОСТАВУВАЊЕТО И ЗАПОСТАВУВАЊЕТО НА ДЕЦА

## ЗА ЗЛОСТАВУВАЊЕТО И ЗАПОСТАВУВАЊЕТО НА ДЕЦАТА



Сите деца имаат право да живеат без насилство и злоставување.

За жал, злоставувањето и запоставувањето на децата продолжува да биде проблем во цела Австралија.

Злоставувањето и запоставувањето на децата има лоши душевни последици не само за децата, но и за нивните семејства и за заедниците.

Било кое дете или младо лице во било кое семејство може да биде изложено на злоставување и запоставување. Тоа повредува и има долготрајни, штетни последици.

Децата кои се злоставувани и запоставени можат да се претворат во несреќни и гневни возрасни лица со ниско мислење за себе. Некои деца дури и умираат заради злоставувањето.

Понекогаш, децата се повредени или се изложени на опасност затоа што:

- нивните семејства не добиваат соодветна поддршка
- нивните старатели се изложени на голем притисок затоа што се невработени, болни, изолирани или осамени
- нивните родители не биле добро воспитувани како деца.

Злоставувањето и запоставувањето на децата може да се спречи

За да пријавите дека некое дете е изложено на опасност да биде повредено затоа што е злоставувано или запоставено, телефонирајте на Телефонската линија за помош при одделот DoCS (DoCS' Helpline) на 132 111

## ШТО Е ЗЛОСТАВУВАЊЕ НА ДЕЦА?



Злоставувањето на децата може да биде во различни форми. Тоа вклучува запоставување и физичко, емоционално и сексуално злоставување.

**Запоставувањето** претставува постојан неуспех на родителот или старателот да му ги обезбеди на детето основните работи што се потребни за неговото или нејзиното соодветно растење и развој, на пример, храна, облека, место каде што ќе живее, медицинска и забна нега и соодветна контрола.

**Физичкото злоставување** е повреда или низа на повреди кои не се случајни и кои ги нанесува родителот, старателот, или некое друго лице. Тоа вклучува повреди предизвикани од прекумерна дисциплина, сериозно тепање или тресење, нанесување модринки, повреди или лузни на кожата, изгореници, кршење или исчашување на коски, обиди на давење и осакатување на половите органи кај женски деца. Понекогаш овие повреди се смртоносни.

**Емоционалното злоставување** е однесување на родителот или старателот што ја уништува самодовербата на детето, па кај детето се јавува значаен емоционален немир или траума. Овде може да се вклучат различни форми на однесување, на пример, претерано критикување, одбивање да се покаже љубов кон детето, изложеност на домашно насилство, заплашување или заканување.

**Сексуалното злоставување** е кога возрасен или некој друг кој е поголем или постар ќе го вклучи детето во сексуална активност користејќи ја моќта што ја има врз него или злоупотребувајќи ја неговата доверба. За да ги натераат децата да учествуваат во активноста, тие често ги подмитуваат или физички или психолошки им се закануваат.

Злоставувањето и запоставувањето на децата е злочин.

DoCS
NSW Department of Community Services

# ШТО МОЖАМ ЈАС ДА НАПРАВАМ?



Децата и младите имаат право да бидат безбедни во нивниот дом и во заедницата.

Заштитувањето на децата и младите да не бидат повредени е обврска на сите.  Децата и младите ќе бидат заштитени од злоставување и запоставување само ако возрасните одговорно делуваат во нивно име.

Кога сте загрижени за безбедноста или благосостојбата на некое дете или младо лице и ако го пријавите тоа, со тоа го преземате првиот чекор за да го спречите злоставувањето и да ги заштитите децата и понатаму да бидат повредувани.  Со тоа исто така му давате можност на Одделот за услуги во заедницата на Нов Јужен Велс (DoOCS) да им помогне на семејствата кои се наоѓаат во ситуации кога некое дете или младо лице е изложено на опасност.

# КАКО ДА ПРИЈАВАМ ДЕКА НЕКОЕ ДЕТЕ Е ЗЛОСТАВУВАНО И ЗАПОСТАВУВАНО?

Ако мислите дека некое дете или младо лице е запоставувано или физички, сексуално или емоционално злоставувано, треба веднаш да го пријавите тоа во одделот DoCS.  Знаците кои можат да укажат дека детето е злоставувано или запоставено во кратки црти се изнесени во последниот дел од оваа книшка.

Можете да го пријавите тоа ако телефонирате на Телефонската линија за помош при одделот DoCS на 132 111 по цена на локален повик, 24 часа во денот, 7 дена во неделата (TTY 02 9633 7698).

Телефонската линија за помош при одделот DoOCS 132 111

Вашата пријава ќе биде целосно доверлива - на никој нема да му кажеме кој пријавил дека детето е злоставувано или запоставено и ако не сакате, не морате да ни го кажете вашето име.

# ШТО ЌЕ СТОРАТ ОД ОДДЕЛОТ DoCS?



Според законот ние мораме да ги процениме пријавите за злоставување и запоставување на деца или пријавите за деца кои може да бидат изложени на опасност да бидат повредени.

Кога ќе ни телефонирате, нашиот персонал ќе ве праша да им дадете повеќе информации кои ќе ни помогнат да дознаеме за опасноста од повреда на која се изложени детето или децата.

Можеби ќе зборуваме со семејството на детето.  Можеби исто така ќе треба да зборуваме со други луѓе за да дознаеме повеќе за околностите во кои се наоѓа семејството.

На пример, може да им се јавиме на наставникот на детето, негувателот во центарот за дневен престој или на роднините. Ако сметаме дека станува збор за прекршување на законот, ќе зборуваме со полицијата.  Ќе го поврзиме семејството на детето со други служби ако им треба поддршка за да им помогнеме да можат безбедно да се грижат за детето.

Ако детето или младото лице е изложено на опасност да биде повредено, ние соработуваме со други агенции и стручни лица за да обезбедиме тоа да биде безбедно.  Ако сметаме дека детето се наоѓа во непосредна опасност, ќе го сместиме да живее на некое безбедно место.  Секогаш колку што можеме повеќе го вклучуваме детето или младото лице и семејството при донесувањето на одлуки кои ги засегаат.

# КАКО ЌЕ ЗНАМ ДЕКА НЕКОЕ ДЕТЕ Е ЗАПОСТАВЕНО ИЛИ ЗЛОСТАВУВАНО?



За секој вид на злоставување и запоставување на децата постојат општи знаци, како физички така и во однесувањето (наведени се на следните страни).

Присуството на еден од овие знаци не мора да значи дека се работи за запоставување или злоставување.

**Ако препознаете знаци на злоставување или запоставување кај дете кое го познавате, дури и кај вашето дете, веднаш телефонирајте на Телефонската линија за помош при одделот DoOCS на 132 111.**

Кога размислувате дали детето е запоставено или злоставувано, важно е да водите сметка за околностите во кои живее тоа дете, на пример:

- социјалната или географската изолираност на детето или семејството, вклучувајќи недоволно контакти со поширокото семејство
- злоставување или запоставување на брат/сестра
- историја на насилство, вклучувајќи и домашно насилство, во семејството
- физички или ментални здравствени проблеми кај родителот или старателот кои влијаат на неговата/нејзината способност да се грижи за детето
- зависноста на родителот или старателот од алкохол или друг вид на дрога која влијае на неговата/нејзината способност да се грижи за детето.

## ЗНАЦИ КОИ УКАЖУВААТ НА МОЖНО ЗАПОСТАВУВАЊЕ



### Знаци кај децата

- слаба хигиена, т.е. детето постојано не е измиено/избањато
- пребарува отпадоци во потрага по храна или краде храна
- поминува подолго време на школо, на јавни места или во туѓи домови
- изразува крајно голема желба за љубов од возрасни
- тежи помалку отколку што треба за возраста
- нелекувани физички проблеми, на пример, нелекувани рани, воспаление на кожата од пелени или воспаление од мочка
- се ниша, цица или удира со главата
- загрижено е дека ќе биде напуштено
- не напредува и не се развива
- се сосредоточува на основните работи како да преживее
- има лош или блед тен и слаба коса.

### Знаци кај родителите или старателите

- не успеваат да обезбедат соодветна храна, дом, облека, лекарска нега или чист дом
- го оставаат детето само без соодветен надзор
- неспособни се да покажуваат чувства кон детето
- го напуштиле детето
- одбиваат да има физички контакт или да го стимулираат детето за долготрајни периоди
- не успеваат психолошки да го воспитуваат
- различно се однесуваат кон едно дете во однос на браќата/сестрите.

## ЗНАЦИ КОИ УКАЖУВААТ НА МОЖНО ФИЗИЧКО ЗЛОСТАВУВАЊЕ



### Знаци кај децата

- модринки на лицето, главата и вратот
- повреди и лузни како последица на прекумерна дисциплина
- објаснувањето кое ќе го даде детето за повредата не одговара на повредата

- други модринки и белези/лузни кои може да го оцртуваат обликот на предметот со кој биле предизвикани, на пример, тока од ремен, отпечаток на рака
- белези од каснување и гребнатинки
- прснати внатрешни органи без историја за некаква поголема траума
- скршени коски, посебно кај деца помали од три години
- изгореници
- повреди на главата при кои детето може да покажува знаци на дремливост, повраќање, да има напади или крварење на мрежницата, кои наведуваат дека можеби некој го тресел
- многукратни повреди или модринки
- проголтнување на отровни материи, алкохол или некоја друга штетна дрога
- изместување, шинување, свиткување
- општи показатели за сакатење на женските полови органи, во кои може да се вклучат работи како што се посебна операција, тешкотии при мокрење и одбивање да учествува во спортски или други физички активности во кои детето претходно учествувало.

### Знаци кај родителите или старателите

- директно признавање на родителот или старателот дека се плаши дека ќе го повреди своето дете
- историја на насилство во семејството
- историја на сопствено малтретирање како дете
- чести посети со детето или децата во здравствени клиники или други служби со необјаснети или сомнителни повреди, заради тоа што детето голтнало материја која не е храна или со некои други повреди на телото.

## ЗНАЦИ КОИ УКАЖУВААТ НА МОЖНО ЕМОЦИОНАЛНО ЗЛОСТАВУВАЊЕ



Сите видови на злоставување психолошки ги повредуваат децата, меѓутоа терминот 'емоционално злоставување' се однесува на однесување кое ја уништува самодовербата на детето.

### Знаци кај децата

- чувствуваат дека животот и тие самите се безвредни
- неспособни се да ги ценат другите
- немаат доверба во други луѓе
- ги немаат човечките способности потребни секојдневно да функционираат
- бараат да им се обрне многу внимание
- покажуваат други пореметувања во однесувањето, на пример, заплашуваат други деца, немирни се, агресивни се
- изложени се на домашно насилство.

### Знаци кај родителите или старателите

- постојано го критикуваат, потценуваат, задеваат или игнорираат детето, или одбиваат да го пофалат или да му обрнат внимание
- поставуваат крајни или неразумни барања
- постојано непријателски се однесуваат, сериозно го навредуваат, го одбиваат или го користат како 'жртвен јарец'
- веруваат дека одредено дете е лошо или 'злобно'
- за казна го изолираат детето физички или друштвено на несоодветен начин
- домашно насилство.

# ЗНАЦИ КОИ УКАЖУВААТ НА МОЖНО СЕКСУАЛНО ЗЛОСТАВУВАЊЕ



## Знаци кај децата

- ги опишуваат сексуалните активности на пример, ‘ме боли кога се мочкам заради ______’
- ви кажуваат за тоа, директно или индиректно
- се однесуваат самоуништувачки, на пример, зависни се од дрога, се обидуваат да се самоубијат, самите си нанесуваат повреди
- легнуваат в кревет целосно облечени
- страдаат од анорексија или прејадување
- во пределот на половите органи имаат модринки или крварат
- имаат инфекции кои се пренесуваат преку сексуални односи
- имаат модринки на градите, задникот, на долниот дел од стомакот или на бутовите
- бременост во пубертет
- имаат контакти со познат извршител на сексуални напади или со лице за кое се сомнева дека извршило сексуални напади
- имаат повеќе пари или подароци без објаснување
- постојано бегаат од дома
- назадуваат, на пример, ненадејно повторно се мократ во кревет или не можат да го контролираат празнењето на цревата.
- сексуалното однесување не одговара на нивната возраста.

## Знаци кај родителите или старателите

- го изложуваат детето на проституција или порнографија, или го користат за порнографски цели
- намерно го изложуваат детето на сексуални активности на други луѓе
- биле претходно осудувани за сексуално злоставување на деца
- присилуваат дете да има сексуални односи со други деца
- вербално му се закануваат на детето дека сексуално ќе го злостават
- негирање на бременост во пубертетот од семејството.

За да пријавите дете или младо лице кое е изложено на опасност од повреда заради злоставување или запоставување,
**телефонирајте на Телефонската линија за помош на DoCS 132 111**
**TTY (02) 9633 7698**
**www.community.nsw.gov.au**

ISBN 0 7310 4323 5
August 2005